СОУ Гимназија „Јосип Броз–Тито„ Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ГИМНАЗИСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО"
БР. 01-51/1
24.1. ГОД. 25 ГОД.
БИТОЛА

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕСТВО ВО УЧЕНИЧКИ РАЗМЕНИ НАДВОР ОД Р.С МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на избор на ученици за учество во размени надвор од државата.

Член 2

Одредбите од правилникот се должни да ги почитуваат наставниците кои ќе го вршат изборот на ученици за учество во размени.

Член 3

За реализација на ученичка размена, училиштето треба да има потпишано меморандум за соработка со соодветното училиште.

Член 4

Училиштето заедно со партнер училиштето ја дефинираат возраста , односно класовите за кои ќе се реализира размената.

Член 5

За секоја размена има одговорни наставници кои ја реализираат размената и кои ќе изготват јавен повик.

Член 6

Повикот се изработува од страна на одговорните наставници, со јасно дефинирани критериуми. Повикот се доставува до директорот на училиштето поради проверка и одобрување и истиот потпишан од комисијата и директорот заверен со архивско бројче од училиштето се објавува јавно на огласна табла, 5 работни денови.

Член 7

Повикот вклучува:

-Име на проектот;

-држва каде ќе се реализира;

-која генерација ќе биде вклучена;

-период кога ќе се реализира размената;

-начин на финансирање;

-сместување, оброци, влезници;

Член 8

Во училишна размена ќе бидат вклучени ученици чии родители се согласни да прифатат ученици гости од училиштата со кои се реализира размената.

Член 9

Меморандумите за размените можат да бидат едногодишни, двогодишни или повеќегодишни.

Член 10

Во размената учествуваат различен број на ученици и наставници, стручни соработници, директор, во зависност од бројот на ученици, наставници, директор, гости кои доаѓаат на размена во нашето училиште.

Член 11

Финансиски во проектот учениците/родителите учествуваат со сума која ги покрива трошоците за патување и сместување до и од земјата на размена, доколку се патува со автобус. Доколку се патува со авион, родителите ја покриваат авио картата и превозот до и од аеродром. Родителите ќе обезбедат патничко осигурување за своите деца.

Член 12

Престојот во земјата, сместувањето, исхраната и посетите на културно-историски споменици и музеи се на товар на училиштето домаќин, доколку нема поинаков договор меѓу двете страни.

Член 13

Времетраењето на секоја размена е различно.

Член 14

Во размената ќе бидат вклучени ученици кои го изучуваат соодветниот втор/трет странски јазик за земјата што се посетува. Доколку бројот на ученици не се пополни, се разгледуваат и пријави на учениците кои не го изучуваат соодветниот јазик. Предност имаат учениците кои се дел од билингвалната паралелка доколку се работи за размена во Франција. Периодот на размена зависи од договорот на двете страни.

Член 15

Критериуми:

Во критериумите за избор се бодува:

-успех;

-поведение;

-оправдани и неоправдани изостаноци;

-неизречени педагошки мерки;

-учество во натпревари: училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;

-учество во Младинскиот актив (претседател/заменик), еко-координатор, Црвениот крст координатор;

-деца правобранители;

-учество на волонтерски акции во рамките на училиштето или во локалната заедница;

-сертификати за познавање на странски јазик – нивоа според Заедничката европска референтна рамка за јазиците (А1, А2, В1,В2)

-членство во училишни секции и училишни воннаставни активности кои го афирмираат училиштето.

-ученикот кој учествувал во училишна размена со истото училиште во истата држава нема право повторно да се пријави.

-Ненавремените и некомплетираните пријави, нема да се разгледуваат.

-Наставникот по странски јазик доколку оцени дека е потребно, го задржува правото да го оцени јазичното ниво на ученикот кандидат кој што е пријавен на повикот, усно или писмено.

-Наставникот го задржува правото да додае критериуми за избор при објавување на повикот во зависност од потребите на проектот.

Член 16

Пријавувањето на заинтересираните ученици се прави лично со пријава и достава на оригинални за увид и копии од потребните документи кај одговорните професори за размената, во одредениот рок истакнат во повикот за размена, 5 работни денови.

Член 17

По повикот, комисијата ќе се состане за разгледување на документите и во рок од 5 работни денови ќе изврши избор на избрани и одбиени ученици согласно бараните критериуми.

Член 18

По направениот избор, комисијата ќе објави прелиминарна листа на избрани и одбиени ученици со поени. Право на приговор имаат учениците кои не се избрани за учество во размената во рок од 5 работни денови од истакнување на листата. Приговорот се доставува до комисијата за избор, истиот се разгледува и во рок од 5 работни денови, комисијата одлучува дали приговорот ќе биде прифатен или одбиен. Комисијата писмено ќе ги извести за изходот тие што приговарале.

Член 19

По истек на рокот за приговори, донесената одлука на комисијата за избор е конечна. Конечната листа ќе биде објавена на огласна табла во училиштето.

Член 20

Доколку некој ученик го откаже своето учество во размената од било која причина, се зема во предвид редоследно ранг листата од одбиените ученици.

Член 21

Освен општите услови предвидени со повикот, ќе се земаат во предвид и следниве лични карактеристики на учениците:

-Ученикот да поседува квалитети како што се мотивација, емпатија, отвореност за соработка, способност за адаптирање во нова средина и тимска работа.

-Во текот на школувањето во училиштето ученикот имал позитивни ставови и се застапувал за основните човечко-морални особини: работливост, одговорност, чесност, искреност, скромност и племенитост.

Член 22

Родителите на избраните ученици ќе бидат информирани за изборот и ќе потпишат согласност за прифаќање на условите за учество на нивните деца во ученичката размена (сместување, храна, влезници во нашата земја за своето дете и за ученикот гостин и покривање на патните трошоци, сместувањето и исхраната до и од местото кадешто се реализира размената).

Член 23

Родителите ќе бидат повикани на родителски состаноци каде навремено ќе добијат информации за деталната програма за размената во нашата земја и надвор од нашата земја.

Член 24

Наставниците кои се вклучени во размената се должни да го почитуваат овој правилник и по враќањето од размената да достават извештај до директорот од реализираната размена.

Член 25

Правилникот стапува во сила од денот на донесувањето.

Битола, 2024 година.